KEMET Електроникс како дел од YAGEO Корпорацијата е водечки глобален снабдувач на електронски компоненти. Како компанија, нудиме најширок избор на кондензаторски технологии во индустријата, заедно со проширување на опсегот на електромеханички уреди, решенија за електромагнетна компатибилност и суперкондензатори.
Фабриката на KEMET Електроникс Македонија која е лоцирана во Технолошко индустриската развојна зона 1, Бунарџик, за потребите на своите производни капацитети објавува оглас за слободна работна места на позиција:

## Хигиеничар

**Одговорности:**

- Празнење на канти за отпадоци или слични садови, транспорт на отпаден материјал до одредени места за собирање;
- Миење на подови и бришење на прашина;
- Вшмукување и чистење на теписи;
- Користење на електрични машини за прочистување, полирање, лакирање и чистење на подови (по добивање соодветна обука);
- Користење на машини на електричен погон;
- Чистење на прашина, влажно бришење, миење корнизи, прозори, надворешни површини на шкафови, радијатори, полици;
- Континуирано надополнување на потрошен материјал (сапун, тоалетни ролни, хартиени крпи);
- Чистење на тоалети, уринарии, мијалници, тушеви и чешми;
- Користење на хемиски средства во извршувањето на постапки за чистење или процедури за одржување, по добивање на соодветни инструкции и обука;
- Чистење на кујната, работните бироа и останата работна површина;
- Да извршуваат други разумни должности во рамките на целокупната функција на работата.

**Барања, Вештини и Компетенции**

- Диплома за завршено средно образование;
- Предходно работно искуство како хигиеничар;
- Способност да се работа со тешка опрема и машини;
- Познавање на хемикалии за чистење и организирање на резерви;
- Познавање на материјалите согласно безбедносните мерки;
- Лични вештини и компетенции: точност, флексибилност, чесност и независност, организираност, одговорност.

Доколку сте заинтересирани за објавената работна позиција и сметате дека поседувате вештини со кои би одговориле на работните задачи , Ве молиме испратете апликација (**Професионална биографија**), до **20.11.2021 година**, со наслов **Хигиеничар / Вашето име и презиме**на: macedoniacv@kemet.com.
Ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг. Апликациите ќе се чуваат во нашата база на податоци во период од една година.